РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР
СУ.БР.03-27/2020
10.02.2020 година
ГОСТИВАР

**Ангажираност и работа на Претседателот на Апелациониот суд Гостивар за 2019 година.**

Судијата Шефајет Хајдари, со Одлука на Судскиот совет на Р.Македонија Бр.07-1155/1 од 12.07.2012 година е избран за Претседател на Апелациониот суд Гостивар, а за втор мандат за Претседател на судот е избран со Одлука Бр.08-1206/1 од 13.07.2016 година.

Согласно Одлуката на Судскиот совет на РСМ, во овој суд утврдено е судиската функција да ја вршат 16 судии вклучувајќи го и претседателот на судот.

Во извештајната 2019 година, судиската функција во овој суд ја вршеле 13 судии, вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Согласно, Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелациониот суд Гостивар, работите во судската служба е предвидено да ги вршат стручен, помошно стручен и административно - технички персонал вкупно 106 извршители, по ЗРО предвидени е да ги вршат 9 извршители и по однос на работите на судската полиција предвидено е да ги вршат 8 извршители, односно вкупно предвидено е да ги вршат 123 извршители.

Согласно пополнетоста на работните места по Актот за систематизација во овој суд, во извештајната 2019 година, е следна:

Судски администратор, советник информатичар, **7** судски соработници**, 9** помлади судски соработници, **2** помлади соработници - преведувачи, помлад соработник – економист, сметководител, самостоен судски референт во одделение по информатика, виш судски референт во писарница на кривичниот оддел, виш судски референти во писарница на граѓанскиот оддел, виш судски референт во судската архива, помлад судски референт - технички секретар на Претседателот на судот, помлад судски референт во граѓанска писарница, **5** судски референти – дактилографи.

Непополнетоста на работните места, согласно Актот за систематизација, изнесува 88 извршители.

Заради уредно функционирање на судот, Претседателот вложуваше напори за

обезбедување на финансиски средства за набавка на основни средства за судот, потоа за одржување на објектот на судот, за обезбедување на стручен, помошно стручен и административно - технички персонал, заради создавање на нормални услови за работа, кадровската екипираност, каде што во текот на 2019 година се вработени двајца судски службеници со звање самостоен судски референт и помлад судски референт, возач и хигиеничар.

Во текот на извештајната 2019 година, согласно Законот за судовите и Судскиот деловник, Претседателот беше ангажиран со работите поврзани со менаџирањето на судот, како во аспект на стручен план така и во аспект на економски план - инвестирање во судот, како и со други активности.

Во извештајниот период, создадени се услови за работа, опремувајќи го судот со техничка опременост, електронска распределба на предметите, примена на АКМИС програмата и во други активности.

Во 2019 година, судот вкупно предмети во работа имал 4035, која бројка ја сочинуваат 514 предмети пренесени како незавршени од претходната извештајна 2018 година и 3521 новопримени предмети во извештајната 2019 година.

Во текот на извештајниот период од вкупно примени во работа КЖ.- КСЖ –178, незавршени останале 5 предмет, од вкупно примени од уписник “КР” 43 предмети, и сите се решени, од уписник **“Р”** вкупно во работа беа 25 предмети и сите се решени.

Во текот на 2019 година имало напредок во однос на совладување на приливот на новопримените предмети, во судот на крајот на извештајната 2019 година се евидентирани 3 стари нерешени предмети и 338 предмети остаток.

Во текот на 2019 година, Претседателот на судот вкупно во работа КЖ предмети, со остатокот од 8 пренесени КЖ предмети од извештајната 2018 година, имал 86 КЖ предмети, од кои како незавршени му останале 6 КЖ предмети.

Во текот на извештајната 2019 година, Претседателот на судот вкупно во работа имал 158 КСЖ предмети, од кои 155 КСЖ предмети ги решил, а како незавршени му останале 3 КСЖ предмети.

Во текот на извештајната 2019 година, Претседателот на судот вкупно во работа имал 111 ПРКЖ предмети, од кои 110 ПРКЖ предмети се решени, а како незавршен му остан 1 ПРКЖ предмет.

Во извештајната 2019 година, Претседателo на судот, вкупно во работа по сите видови од кривична област имал 347предмети со остатокот од претходната 2018 година, од кои 345 предмети беа решени, а како незавршени му останале 10 предмети.

Потоа, во извештајната 2019 година Претседателот постапуваше и по Уписниците КР и Р.

Во текот на 2019 година од Уписник КР за разни кривични предмети во работа имал вкупно 43, кои сите беа решени во извештајниот период.

Во текот на 2019 година од Уписник Р за разни граѓански предмети во работа

имал вкупно 25, кои сите беа решени во извештајниот период.

Во текот на 2019 година од уписниците КР и Р, вкупно во работа имал 68 предмети, кои се сите решени во извештајниот период.

Како Претседател на судот, во извештајниот период, постапувал по успиcниците “СУ”, “СУ.ИЗЗ“, “СУ.ДОВ.”, “УПП”, “Р”, “КСЖ“, “СПИ“. и “СУ - ДОВ“, и тоа:

-во уписник СУ - беа заведени вкупно 1241 предмети, и сите се решени;
-во уписник “СУ - ДОВ“ беа заведени 5 предмети, сите се решени;
-во уписник УПП - 56 претставки - поплаки кои во главном се однесуваа за одолговлекување на граѓански постапки и сите се решени;
-во уписник СУ.ИЗЗ – 136 предмети, сите се решени;
-во уписник СПИ - 5 предмети и сите се решени;

Во во судската управа во извештајната 2019 година се евидентирани вкупно 1443 предмети и сите предмети беа решени во текот на 2019 година.

Претседателот и во 2020 година согласно позитивните законски прописи, ќе преземе конкретни мерки за решевање на проблемот со старите нерешени предмети и со остатокот на нерешени предмети.

Во извештајната 2019 година Претседателот реализираше средби и советувања со:

- Претседателот на судскиот совет на РСМ;
- Претседателот на Врховниот суд на РСМ;
- Претседателите  на основните судови од подрачјето на овој Суд, за прашања од Судската управа и другите тековни прашања,
- Претседателите на апелационите судови Скопје, Битола и Штип за прашања од тековната работа и правни прашања во врска со решавањето на предметите;

Во одржаните колегиуми на судии во извештајната 2019 година, Претседателот посебно внимание му посветеше дали е совладан приливот на новопримените предмети, застојот и заостатокот на предметите, како и тоа, дали судиите ја исполнуваат месечната утврдена норма за решавање на предмети по области.

Посебно внимание, во текот на извештајната година, Претседателот му посветуваше на процесот на континуирана едукација на судскиот кадар, како и останатиот кадар (стручни судски службеници, помошно стручни судски службеници и административно - техничкиот персонал) преку можноста за присуство на значителен број советувања во организација на Академија на судии и јавни обвинители на РС Македонија и други организатори, која овозможува нивно стручно оспособување за ефикасно извршување на работите во судот, како придонес во функционирање на судот, но и за развој на нивната професионална кариера

Исто така, Претседателот водеше перманентна грижа кон автоматско распределување на предмети по АКМИС програмот, објавувањето на судските одлуки во ВЕБ - страната на судот, секој месец вршеше перманентна контрола на уписниците на судот за евидентирање на новопримените предмети, за што се

составува посебна месечна и неделна службена белешка.

Во текот на извештајната 2019 година, анонимизирањето на одлуките уредно се реализира и сите одлуки беа објавени во ВЕБ страницата на судот.

Во текот на 2019 година, Претседателот одржуваше заеднички состаноци со претседатели на основни судови од ова апелационо подрачје, истите беа задолжени да продолжат и понатака да ја следат состојбата со старите нерешени предмети, да изготват детален извештај за причините поради кои тие предмети се стари, да донесат планови за намалување на бројот на старите нерешни предмети, а со тоа, да го намалат застојот и заостатокот на старите нерешени предмети за тековната 2019 година.

Од страна на претседателите на судовите иод ова апелационо подрачје, побара да одржат средби со Нотарите и да бараат од нив детален извештај за причините поради кои кај нив не се решени на време, согласно на закон, оставинските предмети, а по потреба и да се врши и увид кај истите, бидејќи создавање на стари нерешени оставински предмети од страна на Нотарите, како и нивната неажурност, се одразува во ефикасноста и успехот на работата на судот.

Врз основа на Методологијата за вршење на работни посети во основните судови од подрачјето на овој суд и утврдениот Распоред за работни посети на основните судови од оваа апелационо подрачје за 2019 година, извршени се две работни посети, едната беше организирана и извршена во прво полугодие 2019 година, а другата во второто полугодие 2019 година, на кои присуствуваше и Претседателот на судот, а меѓу другото се дискутираше за состојбата со старите нерешени предмети, со цел утврдување на причините за застојот и мерки за нивно решавње во законскиот предвиден рок, причините поради кои постапката се одолговлекувала како и давање на правна помош за побрзо процесуирање и решавање.

Како причини за таквиот број на стари нерешени предмети покрај објективните околности констатирани се и субјективни околности кои се манифестираат во ненавремено насрочување на рочишта, нерешавање на предметите согласно член 182 од Судскиот деловник и формални насрочувања на предмети за да се прикаже дека предметите се во работа, а исто така се констатирани и неоправдани и непотребни одлагања на рочишта по предметите.

Ваквите активности превземени од страна на Претседателот имаа позитивен ефект во работата на овој и на основните судови од ова апелационо подрачје.

Во текот на извештајниот период при извршеното полугодишно и годишно работно посетување, основните судови Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар изготвиле преглед со издвоени стари нерешени предмети од сите области, заради утврдување на причините за оддолжување на постапување и одлучувањето по постапка по жалба, и преглед на укинатите предмети во која бројка беа вклучени и старите нерешени предмети, кои предмети беа прикажани поимено, во деталните извештаи ги прикажуваа и податоците за решени предмети од Кривичниот Совет во кој нема жалба од страна на основните јавни обвинителства Тетово и Гостивар, сите предмети од извршување на санкции за 2017 - 2019 година.

Претседателот во текот на 2019 година, при извршените работни посети на основните судови стави забелешка дека, има судии кои не ги прифаќаат на време распределените предмети по АКМИС програмот, побара, согласно на Закон и Судски деловник судиите да ги прифатат предмети и прифаќањето да се евидентира истиот или најкасно до утрешниот работен ден. Од страна на основните судови е побарано во најстрога мера да се испочитуваат одредбите од Законот за управување со движењето на предметите во судовите во РСМ и секоја донесена одлука да се објави во веб страната на судот.

При извршените работни посети на основните судови Претседателот се ангажираше и стави забелешка во постапувањето на судиите по однос на административно вратените предмети и ургенциите доставени за итно постапување по предметите, од причина што Апелациониот суд нема одговор по повод поднесени ургенции, така со наведеното однесување на судиите од основните судови предизвикуваат застој на решавање на предмети, им се наложи на судиите од основните судови по укинатите првостепени одлуки при повторно судење да се постапува согласно дадените напатствија на Апелациониот суд, бидејќи оваа обврска е поткрепена во одредбите на ЗПП и Судскиот деловник.

Покрај наведените забелешки, на основните судови им се наложи хронолошко уредување на списите на предметот кој се доставуваат во жалбена постапка во втор степен, како и тоа кон предметот да се доставуваат и доволен број примероци на првостепените одлуки и на поднесени жалби од странките;

Заради нормално функционирање на судот, беше донесен и Годишен план за јавни набавки во 2019 година.

Согласно на Планот во текот на 2019 година, Претседателот се ангажираше за спроведување на неколку постапки за јавна набавка на стоки, услуги и работи, преку системот за јавни набавки, и тоа:

- набавка на ситен инвентар и средства за одржување на хигиена,
- набавка на материјали за АОП тонери и принтери;
- групна јавна набавка на Интернет услуги;
- набавка на реконструкција на системот за греење и ладење на судската зграда;
- набавка на моторно возило;
- набавка на опрема за видео надзор;
- набавка на климатизер за сервер сала;
- набавка на метал детектор врата;
- набавка на информатичка опрема – компјутери;
- групна набавка на услуги од Македонска пошта;
- групна набавка на хартија за печатење со основните судови од апелационото подрачје Гостивар;
- набавка на канцелариска опрема – набавка на вариолајт завесеи;
- набавка на услуги за користење на фиксна телефонија;
- набавка на одржување на зграда на судот – молерофарбарски работи за внатрешниот дел на судската зграда;
- набавка на опремување на АС Гостивар со сертификат за Системот за управување со квалитет ISO 9001: 2015.

Исто така во 2019 година, беа склучени Договор за вршење прием и достава на судски писма и други поштенски услуги и Договор за користење на интернет услуги и телефонски услуги.

Претседателот на судот вложуваше напори условите за работа да се подобруваат, а со тоа да се постигнат подобри резултати во ажурирање на постапувањето по предметите и зголемување на ефикасноста во решавањето на предметите.

Истакнуваме дека одобрените финансиски средства од страна на Судскиот буџетски совет се рационално користени и секогаш со згрижување за редовно снабдување со канцелариски и друг материјал поради нормално функционирање на судот.

Со оглед на тоа што во овој суд немаме вработено судски полицаец за обезбедување на судската зграда, по истекот на работното време, обезбедувањето на судската заграда ја вршат судските полицајци од Основниот суд Гостивар.

Извештајна 2019 година овој суд ја започна со обврски према добавувачи од 2018 година износот од 201.205 денари, истата извештајна 2019 година ја завршува со намалување на обврските спрема добавувачи и тоа обврските спрема добавувачи е сведен во износ од 106.2082 денари ( неплатените обврски се сметки за режиски трошоци за месец Декември 2019 година, а добиени во Јануар 2020 година).

Претседател на
Апелационен суд Гостивар
Shefajet Hajdari

**<u>Примерок од Извештајот да се достави до</u>:**
Судскиот совет на РС Македонија, и
Архива на судот.

Претседател на
Апелационен суд Гостивар
Shefajet Hajdari